# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КОЧАНИ

| БРОЈ 16 | КОЧАНИ | 23 декември | 2024 ГОДИНА | ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА |
| --- | --- | --- | --- | --- |

Врз основа на членот 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Градоначалникот на Општина Кочани, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за објавување на актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани одржана на 19.12.2024 и 23.12.2024 година

I.

Ги објавувам актите донесени на седницата на Советот на Општина Кочани, одржана на 23.12.2024 година, и тоа:

1. План за изменување на План на програми за развој на општина Кочани за период 2025-2027 година, Бр.09-1882/1
2. Програма за спорт на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1874/1
3. Програма за поддршка на образованието на општина Кочани за 2024 година Бр.09- 1884/1
4. Програма за култура на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1875/1
5. Програма за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2025 година, Бр.09- 1881/1
6. Одлука за давање на трајно управување и користење без надоместок на изградена водоводна мрежа по улици во Кочани и изградена фекална и канализациона мрежа во 2022 и 2023 година на КЈП „Водовод“ – Кочани,Бр.09-1873/1
7. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В12.6, (КП 15844 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-1876/1
8. Одлука за давање на трајно користење, одржување и управување, без надоместок на објект „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, општина Кочани, Бр.09-1877/1
9. Одлука за проширување на програма за вршење на дејноста во објект „Детелинки“ во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, Бр.09-1878/1
10. Одлука за отпочнување со работа на објект „Детелинки“ во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани. Бр.09-1879/1
11. Одлука за престанок на користење на просторија (канцеларија), во објект сопственост на Општина Кочани и враќање во сопственост и владение на општина Кочани, Бр.09- 1880/1

12. Одлука за давање согласност на договор за донација од КАМ ДОО Илинден Бр.09- 1883/1
13. Заклучок за задолжување на КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09-1869/1
14. Заклучок за усвојување на финансиските планови на општинските основни и средни училишта за 2025 година, Бр.09-1870/1
15. Заклучок за усвојување финансиски план на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани за 2025 година, Бр.09- 1871/1
16. Заклучок за усвојување финансиски план на ЈОУ Библиотека „Искра“ - Кочани за 2025 година, Бр.09- 1872/1

II.

Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр. 08-1885/1
23.12.2024 година
К о ч а н и

Градоначалник
на Општина Кочани,
Љупчо Папазов

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024)„ Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

П Л А Н

за изменување на План на програми за развој на општина Кочани за период 2025-2027 година

I.

Во Планот на програми за развој на општина Кочани за период 2025-2027 година

(„Службен гласник на Општина Кочани“ бр.16, се вршат следните изменувања:

Во програма ЈД во графа:

- Изградба на дел од ул.„Стефан Коцев“ с.Бели изнесува 2.500.000 ден.
- Се брише
- Рехабилитација на дел од ул.„Ристо Симјонов“ Кочани изнесува 3.000.000 ден.
- Се Брише

II.

Планот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1882/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

## ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ 2025-2027

| Програма | Потпрограма | Ставка | Потставка | Име на програмата / подпрограмата | | | | Грант / Донации | Кредит | Финансирано од други нивоа на власт | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2025 | 2026 | 2027 | 2025 | 2025 | 2025 | |
| | | | | **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **177,610,648.00** | **57,500,000.00** | **48,800,000.00** | | | **306,670,183.00** | |
| **FA** | **FAA** | | | **Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)** | **18,291,200.00** | **18,900,000.00** | **21,500,000.00** | **0.00** | | **0.00** | |
| | | **482** | | **Изградба на други објекти.** | **18,291,200.00** | **18,900,000.00** | **21,500,000.00** | | | | |
| | | | 482910 | Геодетски услуги | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,500,000.00 | | | | |
| | | | 482920 | **Изградба на други објекти** (Зашт.огради,белење, Изградба и оградување на спортски игралишта,Материјали за урбани заедници по барања, Кров на лифт, одржување на игралишта и изградба на детски паркови, изградба на заштитни огради,Уривање на објекти за реализација на ДУП,Изградба на портали,и др. | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | | | | |
| | | | 482920 | Бетонирање на пристапни улици и тротоари | 4,000,000.00 | 4,000,000.00 | 4,500,000.00 | | | | |
| | | | 482920 | Изградба на потпорни зидови | 4,000,000.00 | 4,500,000.00 | 4,500,000.00 | | | | |
| | | | 482920 | Изградба на тротоари со бехатон плочки | 2,000,000.00 | 3,000,000.00 | 4,500,000.00 | | | | |
| | | | | Изработка на проектна документација за мост | 991,200.00 | 400,000.00 | 500,000.00 | | | | |
| | | | | Геомахинички испитувања, лабораториски испитувања на разни градежни материјали | 300,000.00 | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| FD | *FDA* | 482 | | **Уредување на простор во рурални подрачја (капитални трошоци)** | **3,500,000.00** | **4,000,000.00** | **3,200,000.00** | **0.00** | | **0.00** | |
| | | | 482120 | Изградба на локални патишта | 2,500,000.00 | 3,000,000.00 | 3,200,000.00 | | | | |
| | | | | Порамнување и тампонирање на полски земјоделски патишта | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | *JDA* | 482 | | **Изградба и реконструкција на патишта и улици во Општината** | **132,184,147.00** | **9,700,000.00** | **11,900,000.00** | **0.00** | | **303,670,183.00** | |
| JD | | | 482110 | Изработка на проектна документација за улици и патишта | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | 1,500,000.00 | | | | |
| | | | 482110 | Ревизија на проекти | 300,000.00 | 200,000.00 | 300,000.00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | 482120 | **ИЗГРАДБА** | | | | | | | |
| | | | | Пробивање и тампонирање на улици | 4,000,000.00 | 4,000,000.00 | 4,500,000.00 | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Илинденска | 1,622,240.00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Тодосие Паунов (кај полициска станица) | 764,404.00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Лазар Андонов и спортско игралиште пред зграда | 1,804,721.00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Тодосие Паунов (помеѓу два кружни тека м.в. Ило рого) | 628,385.00 | | | | | | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Никола Карев и дел од ул.Кеј на револуција-Оризари | 5,000,000.00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Новопроектирана 1 во Лесна индустрија | 2,700,000.00 | | | | | | |
| | | | | рехабилитација на ул.Сребран Димитров с.Прибачево | 1,400,000.00 | | | | | | |
| | | | | изградба на дел од ул.Кеј на револуцијата спој со ул.Ангел Донев | 2,360,000.00 | | | | | | |
| | | | | изградба на дел од ул.Генерал Апостолски с.Оризари | 5,760,000.00 | | | | | | |
| | | | | изградба на дел од општински пат за с.Јастребник | | | | | | 8,500,000.00 | |
| | | | | изградба на дел од општински пат за с.Полаќи | | | | | | 8,500,000.00 | |
| | | | | рехабилаитација на дел од ул.Цар Самуил и дел од ул.Христијан Карпош | 5,000,000.00 | | | | | | |
| | | | | рехабилитација на дел од ул.4-та Македонска | 900,000.00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Мите Јорданов с.Тркање | 1,400,000.00 | | | | | | |
| | | | | Рехабилитација на дел од ул.Киро Кикенски | 2,200,000.00 | | | | | | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Никола Карев и дел од ул.градска магистрална ул.Новопроектиран 1-Кочани | | | | | | 60,000,000.00 | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Роза Петрова и дел од ул.554 -Кочани | | | | | | 10,553,691.00 | |
| | | | | реконструкција на дел од ул.Бел Камен-Кочани јужно | | | | | | 15,263,103.00 | |
| | | | | реконструкција на дел од ул.крак Генерал Апостолски | | | | | | 3,191,088.00 | |
| | | | | Ул.Стамен Манов-изградба на потпорен ѕид | | | | | | 4,432,637.00 | |
| | | | | реконструкција на Сервисна ул.8 (ул.Први Мај) | | | | | | 8,874,182.00 | |
| | | | | реконструкција на дел ул.Рајко Жинзифов | | | | | | 9,890,349.00 | |
| | | | | Изградба на дел од ул.Пристапна 1-Кочани | | | | | | 2,026,195.00 | |
| | | | | Изградба на дел од пешачка улица 8 и дел од ул.Пристапна 1-Кочани | | | | | | 2,992,465.00 | |
| | | | | изградба на дел од потисен цевковод од јазол 4 до изливен базен на препумпна станица - Кочани | | | | | | 40,000,000.00 | |
| | | | | Дом на престој за стари лица | | | | | | 80,000,000.00 | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | изградба на дел од ул.Стамбена 8 | | | | | | 4,074,513.00 | |
| | | | | Изградба на ул.Новопроектирана 7 на Пониква | | | | | | 8,798,260.00 | |
| | | | | Реконструкција на ул.Гоце Делчев Кочани | | | | | | 21,143,000.00 | |
| | | | | Реконструкција на ул.Борис Трајковски | | | | | | 15,430,700.00 | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Партизанска | 2,070,000.00 | | | | | | |
| | | | | Реконструкција на дел од ул.Теодосие Паунов | 88,874,397.00 | | | | | | |
| | | | 482130 | **РЕКОНСТРУКЦИЈА** | | | | | | **0.00** | |
| | | | | Крпење на прекопи на улици со асфалт | 3,000,000.00 | 3,500,000.00 | 4,000,000.00 | | | | |
| | | | 482940 | Надзор над изведба | 400,000.00 | 500,000.00 | 600,000.00 | | | | |
| | | **485** | 485420 | Експропријација | 1,000,000.00 | 500,000.00 | 1,000,000.00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| **JF** | | | | **Изградба на сообраќајна сигнализација** | **1,362,000.00** | **300,000.00** | **500,000.00** | | | **0.00** | |
| | | | | Изработка на проектна документација | 200,000.00 | 300,000.00 | 500,000.00 | | | | |
| | | | | Реконструкција на премин на железнички пруги | 1,162,000.00 | | | | | | |
| | ***JGA*** | **482** | | **Изградба на водоводна мрежа во Општината** | **2,000,000.00** | **2,000,000.00** | **3,000,000.00** | | | **0.00** | |
| **JG** | | | 482720 | Изградба и реконструкција на водоводна мрежа во Општината | 2,000,000.00 | 2,000,000.00 | 3,000,000.00 | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | ***JIA*** | **482** | | **Изградба на фекална и атмосверска канализација во Општината** | **13,273,301.00** | **8,600,000.00** | **8,700,000.00** | | | **3,000,000.00** | |
| **JI** | | | 482310 | Подготвување на проекти | 400,000.00 | 400,000.00 | 500,000.00 | | | | |
| | | | | Изградба и реконструкција на сливни решетки од полимер бетон | 3,600,000.00 | 1,200,000.00 | 1,200,000.00 | | | | |
| | | | | Изградба на фекална канализација на ул.„563“ во лесна индустрија | 3,773,301.00 | | | | | 3,000,000.00 | |
| | | | | Изградба на фекална и атмосверска канализација во Општината | 5,000,000.00 | 6,000,000.00 | 6,000,000.00 | | | | |
| | | | | Експропријација | 500,000.00 | 1,000,000.00 | 1,000,000.00 | | | | |
| | ***GA*** | | | **Изградба на други објекти** | **600,000.00** | **10,000,000.00** | | | | **0.00** | |
| GAA | | | 482920 | изработка на проектна документација за за домување на лица од социјален ризик | 600,000.00 | 10,000,000.00 | | | | | |
| | **GD** | | | | | | | | | | |
| | | | | **Заштита на животна средина и природа** | | | | | | | |
| JN | | | | **Урбана Опрема** | **800,000.00** | **900,000.00** | | | | **0.00** | |
| | | | | Набавка на урбана опрема | 800,000.00 | 900,000.00 | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | **JA** | | | **Изградба на јавно осветлување** | **3,100,000.00** | **3,100,000.00** | | | | **0.00** | |
| | JA0 | | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 3,000,000.00 | 3,000,000.00 | | | | | |
| | | | | Надзор | 100,000.00 | 100,000.00 | | | | | |
| | JL | | | **Капитални расходи за други комунални Услуги** | **200,000.00** | | | | | **0.00** | |
| | | | | Набавка и поставување на водомери | | | | | | | |
| | | | | Надзор за поставување водомери | 200,000.00 | | | | | | |
| | GD | | | **Проекти за енергетска ефикасност** | **2,300,000.00** | | | | | **0.00** | |
| | | | | Набавка и поставување на фотоволтаици | 2,000,000.00 | | | | | | |
| | | | | Надзор | 300,000.00 | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 22 став 1 точка 6 од истиот Закон и член 22-а став (3) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24) и согласно Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на Општина Кочани во областа на спортот бр. 09-1779/1 од 04.12 2024година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.15), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 19.12.2024 и 23.12.2024 година, донесе

ПРОГРАМА
за спорт на Општина Кочани за 2025 година

| | |
|---|---|
| Град/општина | Кочани |
| **Сектор** (организациона единица) **надлежен за спроведување на програмата** | Сектор за општи и правни работи и јавни дејности и одделение за јавни дејности |
| **Вид на програмата** | ☐ Хоризонтална<br>X Вертикална |
| **Правна основа** | Оваа програма се донесува соогласно член 36 став (1) точка 1 и точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со член 22 став 1 точка 6 од истиот Закон и член 22-а став (3) од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24).<br>Во Законот за локалната самоуправа во листата на надлежности на општините се утврдени работите кои Општината може да ги врши во областа на спортот и рекреацијата и тоа:<br>— Обезбедување услови за развој на рекреативниот и масовниот спорт;<br>— Организирање и помагање спортски пригодни активности и манифестации од значење за локалната самоуправа и дефинирање на спортската политика во општина Кочани; |

| | |
|---|---|
| | — Финансирање на проекти, спортските настани и манифестации од интерес на општината и<br>— Одржување на спортските сали, терени и рекреативни игралишта.<br><br>Дополнително, програмата ќе допринесе кон реализација на следните релевантни национални стратегии:<br>- Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2026, точка 2.10 (Стратегија_за_родова_еднаквост_2022_2027.pdf (mtsp.gov.mk)<br>- Национален акциски план за Млади 2023-2027 (public-call (ams.gov.mk))<br>- Национална стратегија за еднаквост и дискриминација 2022-2026 (Стратегија - усогласена со СЗ (mtsp.gov.mk))<br>- Стретегија за инклузија на Ромите 2022-2030 (Strategija za inkluzija na Romite 2022-2030 03-02-2022 finalna verzija.pdf (mtsp.gov.mk)) |
| **1. Вовед/опис на програмата** | Спортот е дејност која ги опфаќа сите форми на спортски активности на спортистите од сите возраси, како и спортско-рекреативните активности на граѓаните.<br>Заради остварување на потребите за занимање со активности и заштита на правата и интересите од областа на спортот, граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат и основаат спортски здруженија. Во овие здруженија строго е забрането верско и политичко дејствување.<br>Спортски клуб е спортско здружение, односно трговско друштво кое врши дејност спорт. Спортските клубови заради остварување на јавниот интерес на општината во областа на спортот и заради планирање и реализација на програмските активности, можат да се здружуваат во општински и градски спортски сојузи од различни спортови. Спортските клубови од ист спорт на ниво на општина, заради остварување и реализација на заеднички програмски активности можат да се здружуваат во општински односно градски сојузи од ист спорт. |
| **2. Процес на донесување на програмата или идентификување на точки за подобрување** | Програмата за 2025 година е изготвена врз основа:<br>- На извештаите за потрошени средства добиени од Општина Кочани во 2024 година и барањата од клубовите за 2025 година<br>- Бодување според Правилникот за распределба на средствата спорт<br>- Колку девојчиња/момчиња биле вклучени во |

| | |
|---|---|
| | активностите<br>- Вклучување на жени во управувачките структури на клубовите, сојузите или здруженијата;<br>- Интеграција на Ромите и другите етнички заедници која вклучува број на корисници на средствата разделени по етничка припадност и по пол;<br>- Подигање еколошката свест и здрава животна средина;<br>- Собрани средства од членарина и број на членови на клубот.<br><br>Во текот на 2024 година има 28 активни спортски клубови од кои во три тренираат само девојчиња, во пет само момчиња, а во другите и момчиња и девојчиња. Или изразено во бројки околу 250 девојчиња и 350 момчиња. Од вкупно 600 членови во спортските клубови има околу 20 (16 момчиња и 4 девојчиња) роми што соодветствува со 3,5% исто колку што се застапени во општина Кочани. |
| **3. Цел на програмата** | Во насока на исполнување на целите на програмата, при распределба на средствата дополнително се вреднува и за тоа бодови ќе добијат спортските клубови, сојузи, здручениja и спортисти поединци кои нудат:<br><br>• Поттикнување на спортски активности на децата и младите девојки и момчиња од сите етнички заедници кои живеат во општината во насока на унапредување на здравјето;<br>• Вклучување на жени во управувачките структури на клубовите, сојузите или здруженијата;<br>• Поттикнуваат интеграција на Ромите и другите етнички заедници во на клубовите, сојузите и здруженијата и во управувачките структури;<br>• Спортски клубови сојузи и здруженија кои ја подигаат еколошката свест и со своите активности допринесуваат за чиста и здрава животна средина;<br>• Поддржување на масовен спорт, спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите и спортистките без разлика на верска и етничка припадност за постигнување на врвни спортски |

| | |
|---|---|
| | резултати;<br>• Поттикнување и помош за организирање на спортски приредби и манифестации;<br>• Одржување и функционирање на постојните објекти, како и изградба на објекти за спорт во општината. |
| **4. Мерки - тематска област** | **4. Средствата предвидени со Програмата за спорт на Општина Кочани се во согласност со Стратегијата за спорт и основните цели предвидени со истата:**<br>1. Подобрена инфрастуктура за спорт и рекреација;<br>2. Поддршка на спортски клубови, сојузи, здруженија и млади спортисти поединци;<br>3. Промоција на спортот;<br>4. Финансиска поддршка за ГФК„Осогово“.<br>**Предвидени средства за Програмата за спорт 2025 година изнесува 6 000 000 денари**.<br>За остварување на секоја цел е предвидена процентуална распределба:<br>5. Подобрена инфрастуктура за спорт и рекреација<br>15% = 900 000 денари<br>6. Поддршка на спортски клубови, сојузи, здруженија и млади спортисти поединци<br>30% = 1 800 000 денари<br>7. Промоција на спортот<br>25% = 1 500 000 денари<br>8. Финансиска поддршка за ГФК„Осогово“<br>30% = 1 800 000 денари<br><br>**4.1.1 Подобрена инфраструктура за спорт и рекреација - 900 000 денари**<br>Подобрување на инфраструктурата за спорт и рекреација подразбира оддржување на спортските објекти кои се во сопственост на општина Кочани:<br>-Градски фудбалски стадион Никола Мантов;<br>-Градската спортска сала која е дадена за раководење на ОУ„Св.Кирил и Методиј“;<br>-Градската-училишна спортска сала која е дадена на раководење на ОУ„Никола Карев“;<br>-Градската-училишна спортска сала која е дадена за раководење на ОУ„Крсте П. Мисирков“ – Оризари;<br>-Спортската сала „Партизан“ ;<br>-Објектот – Snow board-park во спортско рекреативниот центар „Пониква“; |

| | |
|---|---|
| | -Повеќенаменски игралишта;<br>-Фитнес зона Бавчалук;<br>-Тениските терени и фудбалските игралишта во сопственост на Општина Кочани и др.<br>**За подобрување на инфраструктурата на спортските објекти односно реновирање, санација и сл. предвидени се средства и во други Програми на Општина Кочани.**<br><br>**4.1.2 Поддршка на спортски клубови, здруженија, сојузи и млади спортисти поединци - 1 800 000 денари**<br><br>За спортските клубови, здруженија и сојузи според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на Општина Кочани во областа на спортот се предвидени 1.800.000,00 денари.<br>Овие средства понатаму се разделени:<br>1. Финансиска поддршка на спортски клубови – .60%, односно 1.080.000,00 денари.<br>2. Финансиска поддршка на спортски сојузи и зруженија – 15% или 270.000,00 денари.<br>3.Финансиска поддршка на млади спортисти поединци - 15% или 270.000,00 денари.<br>4. Стипендии на млади спортисти и спортистки 10% или 180.000,00 денари.<br><br>**Со своја Програма до Општина Кочани аплицираа следниве клубови:**<br>1. ЖФК „Кочани“<br>2. ФК „Кочани“<br>3. ФК „Фудбал Старс“<br>4. ЖФК „Фудбал Старс“<br>5. КК „Баскет Дино“<br>6. ГФК „Осогово“<br>7. ФК „Младост Тошев“ – Оризари<br>8. Клубот за гимнастички спортови „Кочани“ - Кочани<br>9. Боречкиот клуб „Спартак“<br>10. Пинг Понгарски клуб „Кочани“<br>11. Пинг Понгарски клуб „Хепи“<br>12. Спортски клуб „Електрика“ – Кочани<br>13. Клуб на планински велосипедизам ПОСКОК-Кочани<br>14. Мото клуб „Желки“ – Кочани<br>15. Мото клуб „Стронг Ридерс“<br>16. Карате клуб „Кочани“<br>17. Карате клуб „Партизан“<br>18. Здружение за млади и спорт „Нико“ |

19. Здружение за дигање тегови „Тим Строн Монстер"
20. УСК „Енергија спорт"
21. УСК „Берни спорт"
22. САС „Зоја"
23. Спортски клуб на слепи и слабовидни „Пониква"
24. Спортско рибарско здружение еколошки клуб „Кочански рибар" – Кочани
25. Клуб за планински спортови „Москито" – Кочани
26. Планинарски спортски клуб „Осогово " – Кочани
27. Спортски клуб на слепи и слабовидни „Пониква"

**Сојузи и други спортски клубови:**

28. ОФС Кочани

29. Сојуз на училишен спорт.

| Ред.бр. | Спортски клуб | Средства - денари |
|---|---|---|
| 1. | ГФК„Осогово" младинци | 30 000,00 |
| 2. | ЖФК „Кочани" | 80 000,00 |
| 3. | ФК „Кочани" | 30 000,00 |
| 4. | ФК „Фудбал Старс" | 35 000,00 |
| 5. | ЖФК „Фудбал Старс" | 30 000,00 |
| 6. | КК „Баскет Дино" | 110 000,00 |
| 7. | ФК „Младост Тошев" – Оризари | 35 000,00 |
| 8. | Клубот за гимнастички спортови „Кочани" | 80 000,00 |
| 9. | Боречкиот клуб „Спартак" | 100 000,00 |
| 10. | Пинг Понгарски клуб „Кочани" | 35 000,00 |
| 11. | Пинг Понгарски клуб „Хепи " | 20 000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 12. | Спортски клуб „Електрика“ | 40 000,00 | |
| | 13. | Здружение за млади и спорт „Нико“ | 25 000,00 | |
| | 14. | Мото клуб „Желки“ | 20 000,00 | |
| | 15. | Мото клуб „Стронг Ридерс“ | 20 000,00 | |
| | 16. | Клуб на планински велосипедизам „Поскок“ | 30 000,00 | |
| | 17. | КК „Партизан“ | 85 000,00 | |
| | 18. | КК „Кочани“ | 85 000,00 | |
| | 19. | Здружение за дигање тегови „Тим Строн Монстер“ | 20 000,00 | |
| | 20. | Клуб за планински спортови „Осогово“ | 40 000,00 | |
| | 22. | Клуб за планински спортови „Москито“ | 30 000,00 | |
| | 23. | Спортско рибарско здружение еколошки клуб „Кочански рибар“ – Кочани | 40 000,00 | |
| | 24. | УСК„Енергија спорт“ | 10 000,00 | |
| | 25. | УСК „Берни спорт“ | 10 000,00 | |
| | 26. | Спортска асоцијација Бочија Клуб „Зоја“ Кочани | 20 000,00 | |
| | 27. | Спортски клуб на слепи и слабовидни „Поникваʻ | 20 000,00 | |
| | | **Вкупно за клубови** | **1 080 000,00** | |
| | 28. | ОФС Кочани | 100 000,00 | |
| | 29. | Сојуз на училишен спорт | 130 000,00 | |
| | | Непланирани трошоци/други | 40 000,00 | |

| | | |
|---|---|---|
| | дополнителни поднесени од сојузи во текот на годината... | |
| | **Вкупно за сојузи** | **270 000,00** |
| | **Вкупно за клубови и сојузи** | **1 350 000,00** |

***Средствата за спортските клубови, здруженија на граѓани и сојузи ќе бидат исплаќани квартално и по поднесено барање за наменски трошоци.***

**4.1.3 Финансиска поддршка на млади спортисти поединци - 15% или 270 000,00 денари**

Финансиска поддршка од Програмата ќе добијат и млади спортисти кои ќе допринесат за афрмација на општина Кочани преку групни или самостојни спортски активности. Средствата за поединци ќе се одобруваат по поднесени барања за спортисти кои оствариле високи спортски резултати.

**4.1.4 Стипендии на млади спортисти и спортистки 10% или 180 000,00 денари**

Во делот на стимулирање на млади надежни спортисти Општина Кочани предвидува доделување на Стипендија за млад надежен спортист и млада надежна спортистка. Стипендијата се доделува на две лице во траење од шест месеци по 3 500 денари.

*Доколку во текот на годината има потреба од стимулирање на младите спортисти може да биде доделено и друг вид на стипендија со одлука на Градоначалникот.

Инклузијата на децата со попреченост во областа на спортот се предвидува да биде реализрана со овозможување на децата со пречки во развојот бесплатно да посетуваат спортски активности организирани во рамки на спортските клубови во Кочани, а Општина Кочани ќе излезе во пресрет со плаќање на партиципација за истите. Децата со попречност кои ќе бидат прифатени од спортските клубови ќе бидат финансиски покриени од страна на Општината.

За таа намена во текот на 2025 година планираме 40.000,00 ден

**4. 3 Промоција на спортот**
**25% = 1 500 000 денари**

За унапредување на спортот важни се и пропратните активности како организирање на спортски манифестации. Покрај набавката на пехарии други награди за прогласување на најдобрите екипи и поединци, Општина Кочани финансиски ги подржува и традиционалните спортски манифестации. Поддршката на спортските манифестации според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот се предвидени 1.500.000,00 денари.

| **Ред бр.** | **манифестација** | **Планирани средства** |
|---|---|---|
| 1. | Избор на спортист | 150 000 денари |
| 2. | Петровденски турнир во фудбал | 200 000 денари |
| 3. | Илинденски младински фудбалски турнир – Горни Подлог | 40 000 денари |
| 4. | Богородичен фудбалски турнир Долни Подлог и Мојанци | 90 000 денари |
| 5. | Фудалски турнир „Драганица“ | 30 000 денари |
| 7. | 3х3Баскет турнир | 120 000 денари |
| 8. | Промоција на Поникваи трасата до Брана Градче | 150 000 денари |
| 9. | Вело тура- Источна Македонија | 70 000 денари |
| 10. | Турнири и натпревари во борење | 400 000 денари |
| 11. | Младински турнир во мал фудбал „Св. Атанаси-Оризари 2023“ | 60 000 денари |
| 14. | Други манифестации, пехари, медали, | 190 000 денари |

<table>
<tr><td></td><td>
<table>
<tr><td></td><td>дипломи...</td><td></td></tr>
<tr><td></td><td>Вкупно</td><td>1 500 000.00 денари</td></tr>
</table>
* Турнирите, односно настаните ќе бидат организирани доколку се пријави спортски клуб или здружение кое ќе го биде организатор<br><br>
<u>4.4 Финансиска поддршка за ГФК„Осогово“ (сениори)</u><br><br>
<u>30% = 1 800 000 денари</u><br><br>
ГФК „Осогово“ е фудбалски клуб од Кочани којшто моментално се натпреваруваат во Втора лига. Клубот е основан во 1924 година и е еден од најстарите македонски клубови.
</td></tr>
<tr><td>5. Очекувани резултати од мерките</td><td>
• Зголемување на бројот на спортски активности на децата и младите девојки и момчиња од сите етнички заедници кои живеат во општината во насока на унапредување на здравјето;<br><br>
• Поддржување на масовен спорт, спортски тренинг и натпревари за оспособување на спортистите и спортистките без разлика на верска и етничка припадност за постигнување на врвни спортски резултати;<br><br>
• организирање на спортски приредби и манифестации;<br><br>
• Одржување и функционирање на постојните објекти, како и изградба на објекти за спорт во општината.
</td></tr>
<tr><td>6. Ризици</td><td>Програмата може да не се реализира во целост заради недостаток на средсва во буџетот на општина Кочани</td></tr>
<tr><td>7. Буџет на програмата и извори на финансирање</td><td>За развој и поддршка на спортот, Општина Кочани во текот на 2025 година предвидува средства во висина на 6 000 000 денари. Според Правилникот за постапка и критериуми за распределба на средствата од буџетот на општина Кочани во областа на спортот, средствата се распоредуваат на следниот начин:<br>
РЕКАПИТУЛАР</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td></td><td>
<table>
<tr><th>Ред бр.</th><th>Опис на активности</th><th>Средства во МКД</th></tr>
<tr><td>1.</td><td>Подобрена инфрастуктура за спорт и рекреација</td><td>900,000 денари</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Поддршка на спортски клубови, сојузи, здруженија и млади спортисти поединци</td><td>1.800.000 денари</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Промоција на спортот</td><td>1.500.000 денари</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>ГФК„Осогово“</td><td>1.800.000,00</td></tr>
<tr><td colspan="2">В К У П Н О</td><td>6.000.000,00 денари</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td>8. Следење и известување/евалуација</td><td>Следење на реализацијата на мерките и мониторинг ќе се врши согласно Правилникот за распределба на средствата за поддршка на спортот на Општина Кочани<br>- Следењето на реализацијата на Програмите на спортските клубови, сојузи и поедини спортисти ја врши административниот службеник од општина Кочани задолжен за изготвувањето на Програмата за спорт на Општина Кочани преку Извештаиите од споменатите и Советот на Општина Кочани преку разгледување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт на Општина Кочани.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| **9. Преодни и завршни одредби** | (1) Програмата за спорт на Општина Кочани ќе се реализира согласно Законот за спорт и позитивните законски прописи, во соработка со Здруженијата на граѓани, спортски клубови, поединци кои се занимаваат со спорт и спортските сојузи.<br><br>(2) Планираните средства од Програмата за спорт на општина Кочани за 2025 година се максимални и нивната реализација ќе зависи од приходите на општината.<br><br>(3) Исплата на средствата за реализација на активностите предвидени во оваа Програма **се врши со одлука на градоначалникот, потпишана од Градоначалникот или од лице овластено од Градоначалникот за потпишување.**<br><br>(4) Градоначалникот на Општина Кочани го обезбедува извршување на Програмата за спорт на Општина Кочани за 2025 година**.** |

II

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1874/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа член 36 став (1) точка 1 и точка 15 и член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за поддршка на образованието на општина Кочани за 2025 година

I.

Во Општина Кочани учениците се опфатени во воспитно образовни институции со посетување на настава во шест основни училишта, од кои едно училиште за музичко образование на заинтересираните ученици и две средни училишта. Со оваа програма се дава поддршка на активности поединечно и за различни категории како и активности за деца и млади со посебни образовни потреби со пречки во развој и талентирани.

Во рамки на активностите се планирани следните содржини:

- Поддршка на ученици од социјално ранливи категории во основно и средно образование
- Поддршка на училиштата за превоз на ученици за посета во странство од проектни активности и соработки кои ги иницирала Општина Кочани.
- Пакети со прибор на ученици во прво одделение
- Организирање на настани
- Промовирање и поддршка на успешни поединци и добри образовни практики
- Стипендирање на студенти
- Поддршка на инклузија на деца со посебни образовни потреби
- Поддршка на ученици од ромската заедница во изучување на македонскиот јазик

1.Поддршка на ученици од социјално ранливи категории

На учениците од социјално загрозените семејства им е потребна помош за успешно отпочнување на учебната година. Училишниот прибор за дел од семејствата посебно на семејства кои егзистираат од социјална помош е голем проблем, не само негово набавување, туку и негово навремено обезбедување. Затоа Општина Кочани предвидува помош на семејствата од социјално загрозени семејства со училишен прибор за ученици од основнои средно образование. Истата се обезбедува по доставени податоци од училиштата. Ова помош ќе се овозможи поддршка за започнување на учебната година со училишен прибор. Во ова не се опфатени учениците кои го започнуваат обаразованието во прво одделение.
За оваа активност предвидени се средства во висина од 150.000 ден од Програмата за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2025 година.

2.Превоз на ученици во странство за кои Општина Кочани има потпишано меморандум за соработка и за патување во Паг како и патување за девет ученикаво Швајцарија.

За оваа активност предвидени се вкупно 320.000,00 денари, од Програмата за основно образование N1 – 140.000,00 денари, Програмата за средно образование N2 – 80.000,00 денари.

3. Доделување на парични и други награди на ученици првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на ученици кои усвоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно

олимпијада кој е организиран надвор од државата

Општина Кочани ќе додели награда на учениците кои се прогласени за првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на учениците поединци кои освоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијади кои се реализирани надвор од земјата.

На Првенците на генерацијата Општина Кочани им обезбедува бесплатно летување во Паг - Република Хрватска. Останатите паричните награди ќе се одобрат и доделат со одлука на Градоначалникот на Општина Кочани. Заради промовирање и поддршка на наградените ученици паричните награди свечено ќе им бидат доделени на настан ,,Средба со најдобрите“-настан. Настанот се организира со присуство на наградените, менторите и други претставници од училиштата.

За награди на учениците се предвидени вкупно 220.000,00 денари, од кои од Програмата за основно образование N1 – 160.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 60.000,00 денари.

4.Доделување на Пакети со прибор за учениците од прво одделение

Доделување на пакет со прибор согласно програмата за прво одделение со материјали кои се неопходни за следење на настава во прво одделение.

Општина Кочани финансиски ги поддржува активности со 300.000,00 денари, од Програмата за основно образование N1 – 300.000,00.

5. Организирање на локални настани во образование

Организирање на настани од страна на Општина Кочани:

- Прием на првачињата во детската организација
- Априлијада
- Новогодишен концерт на ОМУ,,Ристо Јуруков“-Кочани
- други локални настани за училиштата

За поддршка на учество на настани и локални манифестации организирани од Општина Кочани се предвидени се 110.000,00 денари од Програмата за култура на Општина Кочани.

6.Стипендирање на студенти

Општина Кочани доделува 30 (триесет) стипендии на годишно ниво, на студенти жители на општина Кочани за следните категории на студенти: 5 (пет) стипендии за студенти од Ромската етничка заедница, 10 (десет) стипендии за студенти од социјално загрозени семејства, 5 (пет) стипендии за студенти запишани на факултети за медицински науки, а останатите стипендии за студенти кои постигнале висок успех во студирањето. Стипендиите се доделуваат за 10 (десет) месеци во текот на една студиска година. Стипендиите се доделуваат на начин и во постапка утврдена во Правилникот за доделување на стипендии на студенти жители на Општина Кочани донесен од Советот на Општина Кочани. Стипендиите се доделуваат врз основа на распишан Конкурс од Градоначалникот кој трае 15 дена, а се објавува на огласната табла на Општина Кочани, во локалните медиуми и на веб страната на Општина Кочани. Стипендиите ги доделува Градоначалникот на Општина Кочани во постапка, начин, услови и критериуми утврдени Правилникот. Износот на стипендијата изнесува 3.500,00 денари месечно.

За доделување на стипендии на студенти жители на Општина Кочани се планирани вкупно 1.050 000,00 денари во бруто износ

средствата се предвидени во Програмата на Градоначалник на Општина Кочани.

7.Поддршка за деца и млади со ПОП со пречки во развој и талентирани

За поддршка се планирани вкупно 150 000 денари од буџетот на Општина Кочани од кои 90.000 ден за деца и млади со пречки во развој и 60.000 денари на деца и млади -талентирани. Средствата се доделуваат по доставени барања од здруженија кои се регистрирани во Општина Кочани.

8.Поддршка на ученици од ромската заедница за изучување на македонскиот јазик.

Општината дава поддршка за туторска настава за учениците во прво одделение од ромската заедница за подобра адаптација на учениците кои не го познаваат македонскиот јазик во времетраење од шест месеци.

Факултативно изучување на македонскиот јазик за ученици од ромската заедница во шестто одделение во времетраење од шест месеци.

Активноста ќе ја реализира невладина организација од ромската заедница во Општина Кочани.

За оваа активност предвидени се вкупно 100.000,00 денари, од Програмата за основно образование N1 – 100.000,00 денари.

Вкупни средства за реализација на Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2025 година

Вкупните средства за реализација на сите активности планирани во Програмата за поддршка на образованието на општина Кочани за 2025 година изнесуваат 2.280.000,00 денари од наведените програми, од кои 1.310.000,00 денари се планирани како средства предвидени во други програми на Општина Кочани според следниот :

Р Е К А П И Т У Л А Р

| Ред. Бр. | Опис на планирани активниости | Износ на средства во денари | Други програми |
|---|---|---|---|
| 1. | Поддршка на ученици од социјално ранливи категории | 150.000,00 | Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита за 2025 година |
| 5. | Организирање на настани | 110 000,00 | Програма за култура 2025 |
| 6. | Доделување на стипендии | 1 050.000,00 | Програма на Градоначалник на Општина Кочани за 2025 |
| | Вкупно средства: | 1.310.000,00 денари | |

Средства предвидени во Програмата за поддршка на образованието во општина Кочани за 2025 година од Програма за основно и средно образование во износ од 970.000,00 денари се во следниот:

Р Е К А П И Т У Л А Р

| Ред. Бр. | Опис на планирани активниости | Средства од програмата за поддршка на образованието на општина Кочани |
|---|---|---|
| 2 | Поддршка на училиштата за превоз на ученици во странство од проектни активности и патување до Паг и Швајцарија | 320. 000,00 денари<br><br>Програмата за основно образование N1 – 160.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 60.000,00 денари. |
| 3 | Доделување на парични награди на ученици првенци на генерацијата во општинските основни и средни училишта и на ученици кои усвоиле прво место на државен акредитиран натпревар или прво, второ или трето место на меѓународен натпревар односно олимпијада | 200.000,00 денари<br>Програмата за основно образование N1 – 160.000,00 денари и Програмата за средно образование N2 – 60.000,00 денари. |
| 4 | Пакети за учениците во прво одделение | 300.000,00 денари<br>Програма за основно образование N1 – 300.000,00 денари. |

| | | |
|---|---|---|
| 7 | Поддршка на деца и млади со ПОП со пречки во развој и талентирани | 150.000,00 денари |
| 8. | Поддршка на ученици од ромската заедница за изучување на македонскиот јазик. | 100.000,00 денари<br>Програма за основно образование N1 – 100.000,00 денари. |
| | | Вкупно средства:<br>1070 000,00 ден |

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1884/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 1 и точка 15 од од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 22 став (1),точка 5 од истиот Закон и членот 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013; 44/2014; 61/2015; 154/2015, 39/2016 и 11/2018), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за култура на Општина Кочани за 2025 година

## I. ВОВЕД

Со оваа програма Општина Кочани, како локална самоуправа, самостојно, во рамките на законот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење во областа на културата, утврдени со Законот за локалната самоуправа и Законот за културата.

Со членот 22 од Законот за локалната самоуправа утврдена е Листа на надлежности на општините. Согласно точката 5 од ставот 1 на овој член, општините се надлежни за вршење работи во областа на културата – институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето разновидни специфични форми на творештво.

Согласно членот 7 од Законот за културата, локален интерес во културата, во смисла на овој закон е културата што е јавен интерес од локално значење за граѓаните во единиците на локалната самоуправа. Локалниот интерес во културата, неговиот обем и неговото остварување се утврдуваат со општите акти на единиците на локалната самоуправа. Локалниот интерес во културата се финансира согласно со Програмата за култура што ја донесува Советот на единицата на локалната самоуправа, согласно со закон. Локалниот интерес во културата се остварува согласно со овој закон, прописите за локалната самоуправа и за одделните дејности во културата.

Со Програмата за култура на Општина Кочани за 2025 година се опфатени активности насочени кон поддршка, организирање и реализирање на содржини и манифестации од областа на културата кои се од интерес на локалната заедница преку обезбедување институционална и финансиска поддршка на културни установи и проекти, заживување на урбаната култура и поголемо вклучување на младите во нејзиното креирање, негување на фолклорот и обичаите, организирање културни манифестации и поттикнување разновидни форми на творештво.

Програмата за култура на Општина Кочани за 2025 година ги определува стратешките приоритети на Општина Кочани преку поддршка во сите облици на остварувањето на културата на локално ниво, пред сè заради остварување на нејзините основни цели и тоа:

- Обезбедување активен однос на Општина Кочани кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и создавање на услови за заживување на урбаната култура;
- Сочувување, поддршка и афирмирање на културниот идентитет на Општина Кочани;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Кочани;

- Создавање услови за развој на културата, поддршка и промоција на здруженија, организации и поединци кои работат во полето на културата и
- Воведување нови форми на културно изразување, поттикнување на разновидноста во културата на локално ниво.

## II. ЦЕЛИ

Преку остварување на целите на Општина Кочани утврдени во оваа Програма од областа на културата за 2025 година, Општина Кочани ќе обезбеди:

- Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно – уметнички манифестации;
- Реализирање на манифестации, програми и проекти кои даваат посебно обележје на Општина Кочани;
- Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Македонија и странство во Општина Кочани;
- Унапредување на меѓународната културната комуникација врз реципрочна основа со збратимените градови на Општина Кочани;
- Остварување продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници;
- Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

## III. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Кочани во областа на културата во 2025 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на стратешките цели на оваа Програма, и тоа преку:

1) Организирање манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани;
2) Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница;
3) Изработка на мурали на територијата на Општина Кочани, ликововна колонија;
4) Издавачка дејност и печатење на промотивни материјали кои се од интерес на Општината;
5) Поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи;
6) Непланирани трошоци.

### 1) ОРГАНИЗИРАЊЕ ТРАДИЦИОНАЛНИ КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ

#### 1.1. Денови на кочанскиот ориз

Оваа традиционална манифестација во 2025 година ќе го доживее своето 34. Издание и има за цел да го афирмира кочанскиот ориз преку главниот централен настан со традиционалното зажнејување на оризот, со презентација на традиционалната, рачна жетва на ориз на нивите во Кочанско, дополнет со презентација на традиционалната храна, разни културни и музички настани, посета на делегации од збратимените општини итн. Ќе бидат вклучени фолклорните здруженија, други граѓански организации, поединци итн., кои ќе помогнат во

збогатување на целата програма за Денови на кочанскиот ориз 2025 година.

За организирањето на оваа манифестација ќе се формира Организационен одбор со одлука на Градоначалникот кој ќе изготви посебна Програма за организирање на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во 2025 година.
За реализацијата на оваа манифестацијата потребни се средства за: ноќевање, репрезентација, договорни услуги- хонорари, набавка на прехранбени продукти, набавка на сувенири, озвучување, снимање, изработка на пропаганден материјал (печатарски услуги) и др.

Планиран датум за реализација: крај на септември - почеток на октомври
Планирани средства од буџетот на Општината: 1.200.000 денари

**1.2. Петровден**
Празникот Петровден, Општина Кочани го одбележува како ден на Општината, но и како духовен празник на Кочани. Одбележувањето на овој празник на Општината ќе се реализира во соработка со Црковниот храм „Св. Ѓорѓи“ со одржување на литија во чест на апостолите Св. Петар и Павле, како и преку организирање на духовна академија, музички настапи на познати изведувачи и програма со организирани културни настани.

Планиран датум за реализација: 7 – 13 јули 2025
Планирани средства од буџетот на Општината: 700.000 денари

**1.2.Дочек на Нова година со организирана новогодишна програма**
Организацијата на Новогодишниот базар во Паркот на Револуцијата во Кочани со приготвена новогодишна програма, вклучително со Новогодишниот концерт на Основното музичко училиште „Ристо Јуруков“ - Кочани претставува празнично катче со многу културни случувања во пријатна, новогодишна атмосвера за граѓаните, организација која последните години стана традиционална.

Планиран датум за реализација: декември 2025
Планирани средства од буџетот на Општината: 450.000 денари

**1.3. Меѓународен ден на Ромите**
Осми април е денот посветен на историјата и културата на Ромите, кој се одбележува низ целиот свет. Меѓународниот ден на Ромите и оваа година ќе се реализира преку организирање на културни активности со кои ќе се потенцира значењето на културните вредности и специфики на Ромската заедница, со што се поттикнува соживотот, толеранцијата и разбирањето во заедницата. Меѓународниот ден на Ромите ќе се одбележи со пригодни културно-спортски активности кои ќе имаат за цел да ги вклучат сите возрасни категории на граѓани.
Планиран датум за реализација: 8 Април 2025
Планирани средства од буџетот на Општината: 120.000 денари

**1.4. Велигденски базар со велигденска културно-уметничка програма**
Последните неколку години традиционално се организира Велигденскиот базар во Паркот на Револуцијата, така што и во претстојната 2025 година Општина Кочани ќе приреди пригодна културна програма со учество на ученици од кочанските училишта и други разновидни содржини, сè со цел да се почувствува празничната атмосвера во градот.
Планирани датуми за реализација: Април 2025
Планирани средства од буџетот на Општината: 200.000 денари

**1.5. Манифестации поврзани со образованието**
Организирање на настани поврзани со образованието како што се априлијада, свечен

прием на децата во детската организација и слично. Истото ќе се реализира преку Програма за поддршка во образованието.

Планирани датуми за реализација:
Во тек на 2025 година

| | |
|---|---|
| **1.6. Вкупно планирани средства за организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани:** | **2.670.000 денари** |

**2) ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ НА ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА И ПОЕДИНЦИ КОИ ТРАДИЦИОНАЛНО РЕАЛИЗИРААТ КУЛТУРНИ СОДРЖИНИ ОД ИНТЕРЕС ЗА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА**

Општина Кочани во 2025 година финансиски ќе ги поддржи следните културни настани, фестивали, граѓански здруженија и поединци:

**2.1. Драмски аматерски фестивал (ДАФ)**

Како и во претходните години, ДАФ ќе продолжи да ја збогатува својата програма со различни настани и да го шири своето поле на делување. Општина Кочани секоја година финансиски го поддржува фестивалот во рамки на своите можности. Фестивалот е од големо и непроценливо значење не само за градот, туку и за целата држава.

Планиран датум за реализација: мај-јуни 2025
Планирани средства од буџетот на Општината:
400.000 денари

**2.2. Влашка средба**

Секоја година традиционално се организира средба на Власите од Македонија. Средбата се одржува на падините на Осоговските планини, а Општина Кочани ја поддржува со технички персонал, финансиска и материјална помош.

Планиран датум за реализација: јули 2025
Планирани средства од буџетот на Општината:
20.000 денари

**2.3. Афко 2025**

Тринаесетатта вечер на македонскиот афоризам АФКО е планиран да се одржи и во 2025 година. На настанот присуствуваат афористичари од Македонија. Организатор на настанот е Афористичката репрезентација на Македонија со седиште во Општина Кочани.

Планиран датум за реализација: Март 2025
Планирани средства од буџетот на Општината:
20.000 денари

**2.4. Поддршка на фолклорните друштва и здруженија**

Општина Кочани и во 2024 година финансиски ќе ги поддржи фолклорните друштва и здруженија од Кочани: ФА „Љупчо Сантов“, ФА „Руен“ и останати фолклорни здруженија, во рамките на вкупните планирани средства и врз основа на активностите кои планираат да ги реализират здруженијата.

Планирани средства од буџетот на Општината:
200.000 денари

**2.5. Денови на медот и Денови на пчелата**

Настани во организација на пчеларски здруженија од Кочани. На настанот „Денови на медот“ со свои производи од мед ќе се претстават пчелари од различни краеви од Македонија, додека „Деновите на пчелата“ ќе бидат во духот на одбележување на Светскиот ден на пчелата, 20 мај. Настаните ќе бидат збогатени со културни содржини.

Планиран датум за реализација:
Денови на медот: октомври 2025
Планирани средства од буџетот на Општината:
20.000 денари

Денови на пчелата: мај 2025
Планирани средства од буџетот на Општината: 20.000 денари

**2.6. Здружение на борците – Кочани**

Општина Кочани финансиски ќе го поддржи Здружението на борците – Кочани во исполнување на нивната програма и реализација на активностите.

Планирани средства од буџетот на Општината: 15.000 денари

**2.7.Здружение на пензионери – Кочани**

Општина Кочани финансиски ќе го поддржи Здружението на пензионери во Кочани во делот на исполнување на нивните културно-уметнички содржини, учество и настапи на нивната играорна група и сл.

Планирани средства од буџетот на Општината: 15.000 денари

| | |
|---|---|
| **2.8. Вкупно планирани средства за поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница во текот на 2025 година:** | **710.000 денари** |

## 3) ИЗРАБОТКА НА МУРАЛИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КОЧАНИ, ЛИКОВНА КОЛОНИЈА...

3.1. Во текот на 2025 година се предвидени изработки на мурали на територијата на Општина Кочани, кои имаат за цел да му дадат урбано обележје на градот. Се предвидува организирање и одржување на ликовни колониии и слични настани со ликовна уметност.

Планирани датуми за реализација: Во тек на 2025 година
Планирани средства од буџетот на Општината: 170.000 денари

| | |
|---|---|
| **3.2. Вкупно планирани средства за мурали, ликовни уметности...** | **170.000 денари** |

## 4) ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ОД ИНТЕРЕС НА ОПШТИНАТА И ПЕЧАТЕЊЕ ПРОМОТИВНИ МАТЕРИЈАЛИ

**4.1. Издавачка дејност**

Во текот на 2025 година се планира поддршка на научно-истражувачки дела кои се значајни за Општината. Делото кое финансиски ќе биде поддржано од страна на Општината, ќе биде потребно да исполнува неколку општи критериуми:

1. Авторот да е жител на Општина Кочани;
2. Авторот да поднесе издржано CV за својата работа како автор;
3. Делото да биде од областа на научно-истражувачката дејност;
4. Делото да е од интерес на општината (комисијата да оцени дека таков вид на монографија или друг научно-истражувачки труд и е потребен на Општината, областа не е истражена, да оцени дека е потребно да се остави трага или дека делото може да послужи како рекламен материјал за општински делегации и е од големо значење за општината како документ и сл);
5. Според оценката на комсијата делото да ги задоволува стандардите за квалитет

на дело од научно-истражувачки карактер;
6. Да има една или две рецензии за делото.

Потребни документи:
1. Копија од лична карта на авторот (Изјава за користење на лични податоци);
2. CV на авторот (кратка биографија на авторот со осврт на компетенциите од областа за која пишува, достигнувања во полето на културата, пред сè во издавачката дејност);
3. Копија од ракописот/ делото за кое бара поддршка;
4. Рецензија/ии (ако авторот првпат објавува дело од научно-истражувачка дејност треба да достави две рецензии дадени од стручно лице, ако веќе има објавувано такви дела- една рецензија).

- Општината може да откупи и значајни литературни дела кои се веќе издадени, а се од нејзин интерес.

Планирани средства: 160.000 денари

**4.2. Печатење промотивни материјали**
За потребите на Општина Кочани за афирмирање и презентација на локално, национално и меѓународно ниво, Општина Кочани обезбедува репрезентативен материјал за настаните кои ги организира, финансиски помага и поддржува: тефтери, кеси, папки, покани, летоци, флаери, благодарници, дипломи, сувенири, по потреба маици како и друг репрезентативен материјал.

Планирани средства: 190.000 денари

| | |
|---|---|
| **4.3. Вкупно планирани средства за издавачка дејност и печатење на промотивни материјали од интерес на Општината:** | **350.000 денари** |

**5. ПОДДРШКА НА ЗДРУЖЕНИЈА, ОРГАНИЗАЦИИ И ПОЕДИНЦИ КОИ НУДАТ НОВИ ИДЕИ И РАЗНОВИДНОСТ ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА; ПОДДРШКА НА ДРУГИ НЕПЛАНИРАНИ НАСТАНИ, ПРОЕКТИ, МАНИФЕСТАЦИИ, ИЗВЕДУВАЧИ**

5.1. Општина Кочани во 2025 година ќе обезбеди техничка и/или финансиска поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; проекти, манифестации и изведувачи кои се пријавија на јавниот повик за прибирање предлози за креирање на програмата за култура на Општина Кочани за 2025 година.

5.2. Општина Кочани ќе обезбеди финансиска поддршка за остварување на непланирани културни настани, организации и манифестации кои не се содржани во оваа Програма за култура на Општина Кочани, само доколку придонесуваат за остварување на целите на Програмата за култура на Општина Кочани и означуваат остварување на локален културен интерес на Општината.

5.3. Општина Кочани секоја година поддржува (финансиски и материјално) дел од културните содржини кои се во организација на други институции, здруженија на граѓани или поединци, а кои се значајни за културното живеење во Општината.

| | |
|---|---|
| **5.4. Вкупно планирани средства за поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи:** | **370.000 денари** |

## 6.НЕПЛАНИРАНИ ТРОШОЦИ

6.1.Во непланирани трошоци припаѓаат сите непланирани или непредвидени трошоци кои ќе се појават во текот на реализација на сите горенаведени содржини и настани кои се дел од Програмата за култура за 2025 година.

| | |
|---|---|
| **6.2.Вкупно планирани средства за непланирани трошоци** | **230.000 денари** |

**Утврдување на критериуми за распределба на средства од Програмата за култура**

Со оваа Програма за култура се утврдуваат следните критериуми за распределба на средства и тоа:

1. Општи критериуми:

За обезбедување на финансиска / техничка поддршка за организирање / реализирање на планиран настан, проект и др. од Програмата за култура на Општина Кочани барателот поднесува барање за одржување / организирање на културниот настан кој ги содржи следните податоци:

- јасно определени цели, содржина, потребни финансиски средства, опис за потрошени средства (детален приказ за потрошени средства поткрепен со документација за претходната 2024 година).

Доставените предог – проекти за Програмата за култура 2025 беа разгледувани од страна на Одделението за јавни дејности во Општина Кочани.

7. **Рекапитулар**

7.1. Финансиски рекапитулар за реализација на Програмата за култура за 2025 година:

| РЕКАПИТУЛАР | |
|---|---|
| 1. Организирање на манифестации и проекти од областа на културата во организација на Општина Кочани | 2.670.000,00 денари |
| 2. Поддршка на проекти на други институции, граѓански здруженија и поединци кои традиционално реализираат културни содржини од интерес на локалната заедница | 710.000,00 денари |
| 3. Вкупно планирани средства за мурали, ликововна колонија... | 170.000,00 денари |
| 4. Вкупно планирани средства за издавачка дејност и печатење на промотивни материјали од интерес на Општината | 350.000,00 денари |
| 5. Вкупно планирани средства за поддршка на здруженија, организации и поединци кои нудат нови идеи и разновидност во областа на културата; поддршка | 370.000,00 денари |

| | | |
|---|---|---|
| | на други непланирани настани, проекти, манифестации, изведувачи | |
| 6. | Непланирани трошоци | 230.000,00 денари |
| Вкупно планирани средства за реализација на Програмата за култура за 2025 година: | | **4.500.000,00** |

Средствата за реализирање на активностите од областа на културата на Општина Кочани за 2025 година ќе се финансираат од Буџетот на Општина Кочани, од Буџетот на Република Северна Македонија, од спонзорства и донации. При доделувањето на средствата ќе се земе предвид интерната процедура за постапување на Одделението за јавни дејности како, критериумите за одобрување на финансиска помош и поддршка на субјекти од областа на културата утврдени во неа.

Оваа Програма може да се изменува или дополнува во зависност од потребите на Општина Кочани.

Финансиската реализација на Програмата за култура на Општина Кочани за 2025 година е зависна од приходите во Буџетот на Општина Кочани за 2025 година.

Градоначалникот на Општина Кочани го обезбедува извршувањето на
Програмата за култура на Општина Кочани за 2025 година.

Исплата на средствата за реализација на активностите предвидени во оваа Програма се врши со одлука на Градоначалникот или од него овластено лице за потпишување, а разгледувањето на истите го врши општинската администрацијата, односно Одделението за јавни дејности.

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1875/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/2024), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

ПРОГРАМА

за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2025 година

I.

Во Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2024 година („Службен гласник на Општина Кочани“ бр.14/2024), се вршат следните изменувања:

**1. Планирани извори на средства за финансирање на активности**

**за изградба и одржување на општински патишта и улици**

Потточка 1.3. Сопствени средства на општина Кочани приберени по основ на наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште и продажба на градежно земјиште 49.309.750 ден.

Се менува и гласи: Сопствени средства на општина Кочани приберени по основ на наплата на надоместок за уредување на градежно земјиште и продажба на градежно земјиште 43.809.750 ден.

**Вкупно: 137.384.147 ден.**

**Точка 2.3. Изградба, реконструкција, рехабилитација и асфалтирање на улици**

Потточка 2.3.6. која гласи: Асфалтирање, реконструкција и рехабилитација на улици

Алинеа 12 која гласи: Изградба на дел од ул.Стефан Коцев с.Бели 2.500.000 ден.

Се брише.

Алинеа 14 која гласи: Рехабилитација на дел од ул.Ристо Симијонов 3.000.000 ден.

Се брише

Вкупно:132.684.147 ден.

**Вкупнта вредност на програмата изнесува 137.384.147 ден.**

II.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1881/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на членот 36, став 1, точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и членот 3, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019 , 275/2019 и бр.122/21 ), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

## О Д Л У К А

за давање на трајно управување и користење, без надомест, на изградена водоводна и фекална канализациона мрежа во 2022 и 2023 година на

КЈП „Водовод“ – Кочани

Член 1

Со оваа одлука на КЈП „Водовод“ – Кочани се даваат на трајно управување и користење, без надомест, следните недвижни ствари:

ИЗГРАДЕНА ВОДОВОДНА МРЕЖА ЗА ПЕРИОД 2022 ГОДИНА

1.Потисен цевковод од пумпна станица „Грдовски орман“ до изливен базен на препумпна

Станица од водоводниот систем на град Кочани од км.0+000.00 до км 2+215.50

Вредност на инвестицијата 44.576.461ден. без ДДВ

ИЗГРАДЕНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИОНА МРЕЖА ЗА ПЕРИОД 2022 и 2023 г.

1. Главен собирен колектор и секундарен колектор за Кочани и с.Оризари дел 1 и дел 2 и дел од колекторскиот систем за град Кочани

Вредност на инвестицијата 95.825.093ден.со ДДВ

2. Источен и западен колектор во с. Оризари

Вредност на инвестицијата 32.372.973ден. без ДДВ

3. Дел од Колектор во с.Тркање

Вредност на инвестицијата 47.743.415ден. без ДДВ

4. Изградба на фекална канализација во с.Оризари крак 1,3,4,5.1,5.2,5.2.1 и 5.3,

Вредност на инвестицијата 4.976.784ден.со ДДВ

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1873/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 36 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 32/20, 111/23, 171/24 и бр.224/24), Советот на Општина Кочани на седница одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

ОДЛУКА

за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В12.6, (КП 15844 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.)

Член 1

Со оваа Одлука се врши техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В12.6, (КП 15844 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), по добиеното позитивно мислење бр. 22-393/2 од 14.11.2024г. од Комисија за урбанизам, формирана со Решение бр. 22-1885/2 од 05.10.2021 година од Градоначалникот на Општина Кочани.

Предмет на техничката исправка е промена на нумеричките показатели за ГП В12.6, во табелите со геометриски вредности од графичкиот прилог од планската документација Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани ( донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), односно:

- Во табеларниот приказ со нумеричи показатели од Планска документација на

Измена и дополнување на Детален урбанистички план на град Кочани (донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998 г.), „Детален лист 43“ во табелата „БРОЈ БЛОК В12“, во податоците за ГП 6, ред 2, колона 4 - ( ПОВРШИНА НА ГП), бројот ” 300 “ се заменува со бројот ” 396 “, колона 5 - (ИЗГРАДЕНОСТ М2), бројот ” 154 “ се заменува со бројот ”155 “ , колона 6 - (ИЗГРАДЕНОСТ %) бројот ” 51 “ се заменува со бројот ” 39 “ и колона 7 (К) бројот ”1,0 “се заменува со бројот ” 0,8“.

Член 2

Техничката исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В12.6, (КП 15844 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.) со технички бр.151/24-У од октомври 2024 г. изработена од ДПРН ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје, е составен дел на Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.).

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани”

Бр.09-1876/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и стварите во општинска сопственсот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
### за давање на трајно користење, одржување и управување, без надоместок на објект „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, Општина Кочани

Член 1

Со оваа одлука се дава на трајно користење, одржување и управување, без надоместок објектот „Детелинки“ со седиште во Кочани во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“, во Кочани, Општина Кочани.

Објектот „Детелинки“ е со седиште на ул.„533“ во Кочани, со површина од 1011,64 м2 и двор од 2510 м2 , во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани.

Член 2

Објектот „Детелинки“ е изграден со средства од Грант од Светска Банка и Буџетот на Општина Кочани.

Член 3

Објектот „Детелинки“ ќе го користи, одржува и управува Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ Кочани.

Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“, во Кочани е должна при користењето, одржувањето и управувањето со објектот да постапува согласно законските прописи.

За примопредавањето на објектот на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ Кочани, ќе се состави записник.

Член 4

Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ Кочани не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко или правно лице и да го става под хипотека.

Член 5

Директорот на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ Кочани се обврзува да ги преземе сите потребни мерки и активности согласно законските прописи со цел отпочнување со работа на објектот

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1877/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со член 100 став (2) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за проширување на програма за вршење на дејноста во објект „Детелинки“ во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани

Член 1

Оваа одлука се донесува за проширување на програмата за вршење на дејноста во објектот „Детелинки“ со седиште на ул.„533“ во Кочани, во состав на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“-Кочани, со седиште на ул. „9 Мај“ бр.1 во Кочани, општина Кочани.

Член 2

Средствата за вршење на дејноста во објектот од членот 1 ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за социјална политика, демографија и млади со блок дотации, Буџетот на Општина Кочани и од сметката за самофинансирачки активности на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани од надоместокот на корисниците на услугата.

Член 3

Во објектот ќе се спроведува Програмата за рано учење и развој (Службен весник на Република Македонија„ бр.46/14).

Според времетраењето програмата ќе се остварува во целодневен престој.

Во објектот ќе се врши згрижување и воспитување на 114 децата до шест (6) годишна возраст, односно до поаѓање во основно училиште, организирани во шест (6) воспитни групи.

Активностите во детската градинка ќе се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

Објектот е опремен со потребната опрема согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија бр.28/14, 40/14,136/14, 71/15, 170/16, 151/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/22“).

Член 4

Називот на објектот гласи:„Детелинки“, со седиште на ул.„533“ во Кочани, општина Кочани.

Член 5

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди соодветен стручен кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија бр. 28/14, 40/14,136/14, 71/15, 170/16, 151/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/22“).

Член 6

Општина Кочани како основач на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение за

вршење на дејноста на објектот донесено од надлежното министерство.

Член 7

Директорот на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1878/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24),а во врска со член 100 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и согласно Мислењето дадено од Министерството за социјална политика, демографија и млади нив.бр. 11-4788/4 од 02.12.2024 година (наш број 26-1184/2 од 03.12.2024 година), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за отпочнување со работа на објект „Детелинки“ во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани

Член 1

Оваа одлука се донесува за отпочнување со работа на објект „Детелинки“ со седиште на ул.„533“ во Кочани, со површина од 1011,64 м2 и двор од 2510 м2 , во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани.

Член 2

Средствата за вршење на дејноста ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку Министерството за социјална политика, демографија и млади со блок дотации, Буџетот на Општина Кочани и од сметката за самофинансирачки активности на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани од надоместокот на корисниците на услугата.

Член 3

Дејноста во објектот ќе се врши согласно Програмата за рано учење и развој (Службен весник на Република Македонија„ бр.46/14).

Според времетраењето програмата ќе се остварува во целодневен престој.

Во објектот ќе се врши згрижување и воспитување на 114 децата до шест (6) годишна возраст, односно до поаѓање во основно училиште, организирани во шест (6) воспитни групи.

Активностите во детската градинка ќе се изведуваат на македонски јазик и кирилско писмо.

Објектот е опремен со потребната опрема согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија бр.28/14, 40/14,136/14, 71/15, 170/16, 151/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/22“).

Член 4

Називот на објектот гласи: „Детелинки“, со седиште на ул.„533“ во Кочани, општина Кочани.

Член 5

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди соодветен стручен кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија бр. 28/14, 40/14,136/14, 71/15, 170/16, 151/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/22“).

Член 6

Општина Кочани како основач на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение за вршење на дејноста на објектот донесено од надлежното министерство.

Член 7

Директорот на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ Кочани се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1879/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на член 44 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18), Советот на Општина Кочани , на седницата, одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А

за престанок на користење на просторија (канцеларија), во објект сопственост на Општина Кочани и враќање во сопственост и владение на Општина Кочани

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за труд и социјална политика (сега Министерство за социјална политика, демографија и млади) му престанува користењето на една просторија (канцеларија) со површина од 15,50 $м^2$, во објект „Барака“,

сопственост на Општина Кочани, заведена во И.Л. бр.13185 на КП бр.11791.

Член 2

Просторијата од член 1 од оваа одлука се враќа во сопственост и владение на Општина Кочани.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1880/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/2024), а во врска со членот 3 став 1, точка 4; членот 6 и членот 7, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" број 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), членот 6, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Северна Македонија" број 61/2004; 96/2004; 22/2007; 67/2007; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018, 244/2019, 82/2020,53/2021 ,77/2021, 150/2021, 173/2022 и 170/24), Советот на Општина Кочани на седницата, одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

## О Д Л У К А
### за давање согласност на договор за донација од КАМ ДОО Илинден

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Договорот за донација од КАМ ДОО- Илинден.

Член 2

Предмет на донацијата е: Детски новогодишни пакетчиња, бр.200.

Член 3

Вредноста на донацијата изнесува 39.800,00 денари.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.09-1883/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), а во врска со Одлуката за престанување на донесување комунален отпад од соседните општини Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево и другите општини (Службен гласник на Општина Кочани бр.14/2024) и Информацијата за состојбата на „Градската депонија“ во Кочани дадена на 56-та седница на Советот на Општина Кочани која се одржа на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за задолжување на КЈП „Водовод“ - Кочани

I.

Се задолжува КЈП „Водовод“ – Кочани да ја применува и почитува Одлуката за престанување на донесување комунален отпад од соседните општини Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево и другите општини донесена од Советот на Општина Кочани под бр. 09-1660/1 на ден 13.11.2024 година, објавена во Службен гласник на Општина Кочани бр.14/2024 и да не дозволува да се депонира комунален отпад од соседните општини Виница, Зрновци, Чешиново-Облешево и другите општини.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1869/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување на финансиските планови на општинските основни и средни училишта за 2025 година

I

1. Се усвојуваат финансиските планови на општинските основни и средни училишта за 2025 година.

2. Советот на Општина Кочани бара од управниот одбор на КЈП „Водовод”-Кочани правно да ја разгледа можноста за намалување на висината на цената за вода за основните и средни училишта и да го информира Советот за тоа.

II

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1870/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување финансиски план на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани за 2025 година

I.

1. Се усвојува Финансискиот план на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани за 2025 година.

2. Советот на Општина Кочани бара од ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани износите од по 60.000 денари од двете ставки за патување во странство, односно вкупните средства од 120.000 денари да се пренаменат, додадат во ставката за храна на децата за прехранбени артикли и пијалоци во финансискиот план на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани за 2025 година .

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1871/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 19.12.2024 година и 23.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К

за усвојување финансиски план на ЈОУ Библиотека „Искра“ - Кочани за 2025 година

I.

1. Се усвојува Финансискиот план на ЈОУ Библиотека „Искра“ - Кочани за 2025 година.

II.

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-1872/1
23.12.2024 година
Кочани

Претседател на
Советот на Општина Кочани
Лазо Митев

---

# С О Д Р Ж И Н А

1. План за изменување на План на програми за развој на општина Кочани за период 2025-2027 година, Бр.09-1882/1
Стр.3

2. Програма за спорт на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1874/1
Стр.8

3. Програма за поддршка на образованието на општина Кочани за 2024 година Бр.09-1884/1
Стр.20

4. Програма за култура на Општина Кочани за 2025 година, Бр.09-1875/1
Стр.24

5. Програма за изменување на Програмата за изградба и одржување на општински патишта и улици во општина Кочани за 2025 година, Бр.09- 1881/1
Стр.32

6. Одлука за давање на трајно управување и користење без надоместок на изградена водоводна мрежа по улици во Кочани и изградена фекална и канализациона мрежа во 2022 и 2023 година на КЈП „Водовод“ – Кочани,Бр.09-1873/1
Стр.33

7. Одлука за вршење на техничка исправка на урбанистички план на нумерички податоци за ГП В12.6, (КП 15844 КО Кочани) од Измена и дополнување на ДУП на град Кочани, (Донесен со Одлука бр. 07-138 од 16.07.1998г.), Бр.09-1876/1
Стр.34

8. Одлука за давање на трајно користење, одржување и управување, без надоместок на објект „Детелинки“ со седиште во Кочани на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, општина Кочани, Бр.09-1877/1
Стр.35

9. Одлука за проширување на програма за вршење на дејноста во објект „Детелинки“ во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани, Бр.09-1878/1
Стр.36

10. Одлука за отпочнување со работа на објект „Детелинки“ во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Павлина Велјанова“ во Кочани. Бр.09-1879/1
Стр.37

11. Одлука за престанок на користење на просторија (канцеларија), во објект сопственост на Општина Кочани и враќање во сопственост и владение на општина Кочани, Бр.09- 1880/1
Стр.38

12. Одлука за давање согласност на договор за донација од КАМ ДОО Илинден Бр.09-1883/1
Стр.39

13. Заклучок за задолжување на КЈП „Водовод“ – Кочани, Бр.09-1869/1
Стр.40

14. Заклучок за усвојување на финансиските планови на општинските основни и средни училишта за 2025 година, Бр.09-1870/1

Стр.40

15. Заклучок за усвојување финансиски план на ЈОУДГ „Павлина Велјанова“-Кочани за 2025 година, Бр.09- 1871/1

Стр.41

16. Заклучок за усвојување финансиски план на ЈОУ Библиотека „Искра“ - Кочани за 2025 година, Бр.09- 1872/1

Стр.41